Организација ЖЕНА
Делчево

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2025 ГОДИНА

1. **И ние можеме Еднакво-2**
Траење: 01.03.2024-31.03.2025
Поддржано од: Kvinna Till Kvina Foundation

Цел на проектот е зајакнување на оргнизациските капацитети за

- Застапување за промена на политиката на национално ниво: Вкупно 8 граѓански организации поднесоа иницијатива/барање до Министерството за локална самоуправа за вклучување на посебна линија во надлежностите на општините поврзани со обврските според Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Се бара измените на Законот за локална самоуправа да се усогласат со постојната позитивна законска регулатива што се однесува на спречувањето и заштитата од насилство врз жените и семејното насилство и да се додаде: во делот за надлежностите, да се прецизираат надлежностите поврзани со родово базираното насилство кои можат да се извршуваат на два начина: воведување посебна надлежност на општините за спречување на родово базирано насилство и обезбедување услуги за жртвите на родово базирано насилство и семејно насилство.

- Учество во креирање на програмата за работа на Комисијата за еднакви можности, каде што, на наша иницијатива, првата цел беше поставена како - Зголемена доверба кај граѓаните во надлежните институции во однос на справувањето со родово базирано насилство.

- Обуката за информациска и дигитална безбедност што се одржа во март 2025 година во Крушево беше важен чекор во зајакнувањето на нашите капацитети во областа на сајбер безбедноста и заштитата на податоците. Во ерата на дигитализација, овој курс е клучен за нас како организација, а ризиците поврзани со дигиталните закани стануваат сѐ почести. Оваа обука нуди знаење и практични алатки за заштита на организациите и нас како активисти.

- Во почетокот на 2025 година, Координативното тело на општина Делчево за борба против семејно насилство интервенираше за заедничко решавање на 3 случаи. Првиот, за навремен одговор на семејното насилство од страна на Центарот за социјална работа и полициските служби, а во два други случаи на семејно насилство, за вработување на жртви на семејно насилство.

- Што се однесува до конституентите, вкупно 11 жени добија поддршка во форма на застапување за добивање работа. Имено, контактиравме пет работодавачи (конфекција и ресторани) каде што беа вработени вкупно 5 жени од ранливи категории. Им помогнавме на три жени да подготват проекти и да добијат грантови за самовработување, а во два случаи им помогнавме на две жени да бидат примени како практиканти.

2. **Проект: Зајакнување на правната писменост кај жените во руралните средини во општина Делчево**

Поддржано од: Kvinna Till Kvinna Foundation

Траење: 15.04.2025-31.12.2025

Цел:Зајакнување на правната писменост и пристапот до институционални информации кај жени од рурални и маргинализирани заедници преку едукација на локални жени лидерки и обезбедување бесплатна правна помош и психолошка поддршка за жени кои се соочуваат со институционални и социјални бариери, како и јакнење на организациските капацитети преку развој на комуникациска стратегија.

*<u>РЕЗУЛТАТИ:</u>*

1. Изготвена Анализа за степенот на правна писменост кај жените од руралните средини и се идентификувани клучните бариери што ги спречуваат да ги остваруваат своите права и да се вклучуваат во процеси на застапување и одлучување

2. Жените од рурални и маргинализирани заедници во Делчево стануваат подобро информирани за своите права и знаат каде и како да побараат институционална поддршка.

- Спроведена дводневни обука за правна писменост.
- Изработен и дистрибуиран прирачник за правна писменост на жените од целните заедници.

3. Создадена е активна мрежа на обучени жени-лидерки кои делуваат како локални извори на информации, поддршка и иницијативи за застапување во своите заедници.

- 12 обучени жени-десиминаторки кои во нареден период (2026) ќе организираат инфо средби со други жени.
- Активна комуникациска платформа (ФБ страница) преку кои жените ќе поставуваат анонимни прашања и добиваат совети.
- Обезбедена бесплатна правна помош за 40 жени и психолошка поддршка за 5 жени.

4. Организација ЖЕНА Делчево, воспоставува ефективни механизми за комуникација, јавна застапеност и внатрешна координација, што ѝ овозможува одржлива и поефикасна работа со жените од заедницата.

- Одржана дводневна обука за комуникација и изготвена комуникациска стратегија.
- Продуцирани 3 подкасти со жените лидерки и зголемена видливост на социјалните медиуми на теми за права на жените

**Проект: Жените го превземаат водството во локалните заедници**
Поддржано од Акција Здруженска, Kvinna Till Kvinna, EU, Шведска
Траење: 01.02.2025- 30.07.2026 година

Цел: Јакнење на жените од три рурални средини (Триботивиште, Разловци и Црник-Пехчево) за правото, формите и начините за креирање, донесување и спроведување на локалните политики

***<u>Резултати:</u>***

Реализирани работилници:

- Разловци: 2 работилници (16.07.2025 и 06.08.2025)
- Црник: 2 работилници (18.07.2025 и 05.08.2025)
- Триботивиште: 2 работилници (21.08.2025 и 03.11.2025)

Вкупен број на директни учеснички: 45 жени од руралните заедници Црник, Разловци и Триботивиште директно учествуваа во работилниците.

Дополнително, уште 30 жени беа вклучени индиректно преку консултации и дополнување на предлозите за застапување.

Зголемена е свесноста кај жените за нивната можност да бидат носители на промени во заедницата
Зајакната е меѓусебната солидарност и подготвеноста за здружено делување

**Клучни содржини и процеси**

Преку работилниците беше спроведена **мини-анализа на граѓанското учество на жените**, при што беа идентификувани главните бариери и предизвици за нивно активно вклучување.

Жените се стекнаа со знаења за:

- надлежностите и улогата на локалната самоуправа;
- општинскиот буџетски и плански процес;
- механизмите за граѓанско учество (иницијативи, барања, јавни консултации, присуство на седници, слободен пристап до информации).

**Идентификувани проблеми и приоритети**

Преку структуриран дијалог и групна работа беа идентификувани **повеќе од 25 локални проблеми**, најчесто поврзани со:

- инфраструктура и локални патишта;
- недостиг на чиста вода за пиење;
- јавен превоз;
- улично осветлување и јавна безбедност;
- пристап до здравствени и други јавни услуги.

За секоја заедница беа подготвени **првични листи на приоритети и предлози**, поврзани со конкретни општински надлежности и формулирани како иницијативи за застапување.

**Застапување и конкретни резултати**

- Организирана е **средба со градоначалникот на Општина Пехчево** (24.09.2025), на која беа презентирани резултатите од анализата и предлозите на жените од с. Црник.
- Како **директен резултат од застапувањето**, започна **реконструкција на Месниот дом во с. Црник и изработка на проектна документација за селскиот водовод што е** еден од клучните приоритети на жените.
- Организирани се две средби со градоначалник на Општина Делчево за приоритетите на жените и малаите од општината и доделена е просторија за Младински Центар со која ќе раководи организација ЖЕНА.

Општина Делчево и Пехчево изрази подготвеност предлозите да бидат разгледани при изработка на **Локалниот развоен план за 2026 година**.

**Општи ефекти и влијание**

- ❖ Зголемена информираност и знаење кај жените за локалното управување.
- ❖ Зајакнати вештини за формулирање проблеми, изработка на предлози и јавно застапување.
- ❖ Зголемена самодоверба, солидарност и мотивација кај жените за активно учество во јавниот живот.
- ❖ Создадено **јадро од активни жени** кои ќе продолжат со граѓанско застапување на локално ниво.

**Проект: Застапувај, придонеси за својата заедница**
Поддржано од ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2-Акциски грантови за локални иницијативи“ 24 08 ГРЦ 501
Траење: 01.01.2025-30.09.2025

Цел: Подобрување на капацитетите на граѓанските организации, жените и младите за активно застапување и учество во процесите на креирање и менување на локални политики, со посебен фокус на родовата еднаквост и правата на младите во Источниот регион на Северна Македонија.
*Клучни постигнувања:*

- Организирана дводневна обука за локални граѓански и младински организации, со учество на 24 лица (од кои 17 жени, а вкупно 6 млади лица до 29 годишна возраст). Учесниците стекнаа вештини за тематско застапување, изработија 5 застапувачки планови од предивдени 3 плана, и ги зајакнаа своите капацитети за работа со институции.
- Организирана еднодневна работилница со 15 жени од Македонска Каменица на тема застапување за локални политики. Учесничките се запознаа со својата улога во процесите на донесување одлуки и беа мотивирани за понатамошно вклучување. Преку оваа активност се придонесе за поголема вклученост на жените во креирање на локални политики преку мотивирање и едукација.
- Изработени 5 организациски планови за застапување, базирани на локални потреби и стратешки документи, кои во нареден период ќе бидат доставени до надлежните институции. Со ова се придонесе кон пристап за воспоставување на дијалог меѓу НВО и носителите на одлуки

- Реализирана теренска анкета со жени и млади од Македонска Каменица, како подготовка за прилагодување на содржината на работилницата и за подготовка на анализа. Ова овозможи податоци од заедницата да бидат користени за реални застапувачки цели, што е во линија со приоритетот за активно граѓанство.
- Сумирани и публикувани резултатите од теренско истражување и

електронско публикување на:
-А) Анализа на истражувањето Жени и учество во креирање на политики-Македонска Каменица и
-Б) Анализа на младинско учество во Македонска Каменица

Овие електронски публикации претставуваат значајна додадена вредност на проектот, бидејќи не само што ги сумираат резултатите од спроведените теренски истражувања и анкети, туку и обезбедуваат јавна достапност на податоците и анализите.

- Реализирана еднодневна работилница со 15 жени од Македонска Каменица

на тема „Лоцирање приоритети и проблеми за локално застапување“ одржанаа на ден 11.06.2025
Учесничките се запознаа со концептот на локално застапување и значењето на активно учество во донесувањето на одлуки и идентификуваа клучни проблеми и предизвици во нивната заедница, како и приоритетни области за кои сакаат да иницираат промени.

- Реализирана еднодневна работилница со 15 млади од Македонска Каменица на тема „Формите и начините за застапување за креирање на младински политики“ одржана на ден 12.06.2025
Младите учесници се запознаа со различните форми и техники на младинско застапување и нивното значење за влијание врз креирањето на локални политики.

- Реализирана еднодневна работилница со 15 млади од Македонска Каменица на тема„Креирање на планови за застапување за младински политики“ одржана на ден 13.06.2025 година
Резултатот од работилницата е дека младите учесници изработија конкретни планови за застапување, кои ги адресираат реалните проблеми со кои се соочуваат во својата заедница.

- Финализиран планот за застапување за отварање на Младински Центар Делчево
На 21.05.2025 се донесе решение за избор на Организасіија ЖЕНА која ќе раководи со овој Центар, а на 28.07.2025 година на седница на Совет на општина Делчево се усвои Програмата за работа за 2025 година на Младинскиот Центар Делчево.

**Проект:** Младинска Акција за лидерстви дијалог и промени
**Поддржано од;** Општина Делчево
**Траење:** 01.03.2025-31.12.2026 година

Главна цел:
Зајакнување на капацитетите на младите во Делчево преку едукација, развој на лидерски и комуникациски вештини, и активно учество во креирање младински политики.
Специфични цели:

- **Зајакнување на лидерските и организациските капацитети на младите во Делчево** преку обезбедување практични знаења и вештини за тимска работа, донесување одлуки и лидерство кај членовите на Локалниот младински совет и останатите млади лидери и учениците од училишната заедница при СОУ„М.М Брицо“ Делчево
- **Јакнење на способностите на младите за иницирање и управување со младински проекти** преку обучување на младите за креирање, планирање, спроведување и следење на младински иницијативи со цел нивна активна улога во развојот на заедницата.
- **Унапредување на комуникацијата со локалните власти** преку јавна дебата за младинските приоритети и создавање механизми за редовна комуникација помеѓу младите и Општина Делчево.
- Создавање на функционална и одржлива структура за младинско учество во Делчево преку **креирање на работна програма за Локалниот младински совет за 2026** година, поставувајќи јасни цели и активности за неговото функционирање.

***Проект: Медиуми на заедницата за граѓански ангажманш-Трансфомирање на општествените барања во општествена акција***

Поддржано од: Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС Скопје
Траење: 01.12.2024 до 30.05.2025 година

Грантот е наменет за спроведување на локална иницијатива за застапување за адресирање на идентификуваниот проблем
Иницирани се две застапувачки иницијативи  кои генерират општествени импликации врз поголема целна група.
Наслов на истражувачката сторија е :  „Финансиски заробени жени чекаат милост од семејството и општеството“ и „Обновен автобускиот превоз до Скопје за жителите од Делчево и Македонска Каменица, ќе биде ли на долг рок или кратка авантура?“

**Проект:** „Мониторинг на злоупотреба на административни ресурси – Локални избори 2025“, *Поддржан* од IFES – International Foundation for Electoral Systems (ИФЕС) во партнерство со ЕВРОТИНК
Траење: 15.09.2025 – 15.11.2025
*ЗАКЛУЧОЦИ:*
1. Локалните избори во Општина Делчево се одржаа во мирна и стабилна атмосфера, без евидентирани сериозни или системски злоупотреби на административните ресурси, што претставува позитивен исчекор во однос на претходните изборни процеси.
2. Постои потреба од доследна примена на постојните регулативи, особено во делот на јасно и видливо обележување на службените возила, со цел да се обезбеди целосна транспарентност и можност за ефективен надзор.
3. Иако не беа забележани директни злоупотреби на државни ресурси, присуството на високи функционери на настани со политички карактер надвор од работно време создаваше перцепција на политичко фаворизирање и укажува на потреба од појасни ограничувања.
4. Граѓанскиот мониторинг имаше силен превентивен ефект, придонесувајќи кон зголемена институционална претпазливост, неутралност и професионално постапување на јавната администрација.
5. Јавноста покажа зголемена доверба и чувство на сигурност во изборниот процес, при што можноста за пријавување неправилности и присуството на монитори значително ја зајакнаа перцепцијата за фер и правичен изборен натпревар.

| Донатор | Наслов на проектот | Период на имплементација | Вкупен износ за проектот |
|---|---|---|---|
| Фондација „Жена за жена“ | Зајакнување на правната писменост кај жените од руралните и маргинализираните заедници во Делчево | 15.04.2025-31.12.2026 | 53.454 евра |
| Акција Здруженска | Жените ја преземаат лидерската улога во локалните заедници | 01.02.2025-31.07.2026 | 12.000 евра |
| Граѓански ресурсен центар | Застапувај придонеси за својата заедница | 01.01.2025-30.09.2025 | 10.000 евра |
| Општина Делчево | Младинска акција за лидерство, дијалог и промени | 01.03.2025-31.12.2025 | 1.500 евра |
| ИФЕС | Мониторинг на локалните избори | 15.09.2025<br>15.11.2025 | 2 500 евра |
| РЕСИС | Медиуми на заедницата за граѓански ангажманш-Трансфомирање на општествените барања во општествена акција | 01.12.2024 до 30.05.2025 | 58.200 денари |